МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Скопје, декември 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет предложени се измени во член 9 став (2) од постојниот Закон со кој е уредено дека клириншката куќа која го води единствениот регистар на трансакциски сметки од истиот податоците ги доставува до Трезорот или Трезорот на фондот, зошто во спротивно со доставување на податоцитеод регистарот до Трезорот на фондот ќе значи и дополнителен трошок за Фондот.

Исто така со Предлог Законот, предложени се измени и во делот на прекршочните одредби во насока на намалување на висината на глобите за субјектите заради прекршување на одредбите од предметниот закон, со цел од една страна да се постигне усогласеност со Законот за прекршоци, а од друга страна и усогласеност со мерките за унапредување на казнената политика, заради постојните проблеми со високите казни, преголемите барања во законите и недореченостите во законите, а со тоа да се подобри и бизнис климата во Република Македонија.

Имаќи го во предвид горенаведеното, се оцени дека е неопходно да се изврши изменување на Законот за платниот промет.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта што треба да се постигне со овој закон е усогласеност со Законот за прекршоци и реализација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлогот на Закон за изменување на Законот за платниот промет ќе нема влијание врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените измени не се потребни дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија.

Предлог на Закон за изменување на
Законот за платниот промет

Член 1

Во Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/2007, 22/2008, 159/2008,133/2009 и 145/2010) во членот 9 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: " или Трезорот на Фондот."

Член 2

(1) Во членот 50 став (1) зборовите: "од 15.000 евра до 20.000 евра" се заменуваат со зборовите: "до 10.000 евра".

(2) "Во ставот (3) зборовите " до 6.000 евра" се бришат.

Член 3

(1) Во членот 51 став (1) зборовите: "до 6.000 евра" се бришат.

(2) "Во ставот (3) зборовите: " до 4.000 " се бришат".

Член 4

(1) Во членот 52 став (1) зборовите: "од 15.000 до 20.000 евра "се заменуваат со зборовите: "од 10.000 евра"

(2) "Во ставот (3) зборовите: " до 10.000" се бришат.

Член 5

(1) Во членот 53 став (1) зборовите "до 15.000 евра" се бришат.

(2) Во ставот (3) зборовите: "до 4.000" се бришат.

Член 6

(1) Во членот 54 став (1) зборовите: "до 15.000 евра" се бришат.

(2) Во ставот (3) зборовите: "до 6.000 евра" се бришат.

Член 7

(1) Во членот 55 став (1) зборовите: "до 6.000 евра" се бришат.
(2) Во ставот (2) зборовите: "до 3.000 евра" се бришат.

Член 8

(1) Во членот 56 став (1) зборовите: "од 2.000 евра до 6.000 евра" се заменуваат со зборовите: "од 4000 евра".
(2) Во ставот (2) зборовите: "до 3.000 евра" се бришат.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлог Законот за изменување на Законот за платниот промет предложени се измени во делот на прекршочните одредби во насока на намалување на висината на глобите за субјектите заради прекршување на одредбите од предметниот закон, со цел да се постигне усогласеност со Законот за прекршоци, како и реализација на мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

Со членот 1 се менува членот 9 став (2) од постојниот Закон со кој се предвидува дека клириншката куќа која го води единствениот регистар на трансакциски сметки, истата ги доставува податоците до Трезорот или до Трезорот на фондот.

Со членот 2 од Предлог на законот се врши измена на членот 50 став (1) и (3) од постојниот Закон. Во ставот 1 предвидена е глоба во износ од 15.000 до 20.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на носителот на платниот промет, која со измените на Законот се предвидува да изнесува 10.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (3) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице кај носителот на платниот промет. Со измените оваа глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и се предвидува истата да изнесува 4.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 3 од Предлог на законот се врши измена на членот 51 став (1) и (3) од постојниот Закон. Во ставот 1 предвидена е глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на учесникот во платниот промет-правно лице, а со измените на Законот истата е предвидена да изнесува 4.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (3) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице кај учесникот во платниот промет-правно лице. Со измените оваа глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и е предвидено истата да изнесува 2.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 4 од Предлог на законот се врши измена на членот 52 став (1) и (3) од постојниот Закон. Во ставот 1 глобата е утврдена во износ од 15.000 до 20.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на правно или физичко лице ако издава електронски пари,а не ги исполнува условите пропишани во Законот. Со измените на Законот предвидено е оваа глоба да изнесува 10.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (3) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице кај правното лице. Со измените оваа глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и истата се предвидува да изнесува 5.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 5 од Предлог на законот се врши измена на членот 53 став (1) и (3) од постојниот Закон. Во ставот 1 беше предвидена глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на издавач на електронски пари, а не ги исполнува условите пропишани за тоа. Со измените на Законот предвидено е оваа глоба да изнесува 10.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (3) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице кај издавачот на електронски пари. Со измените оваа глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и истата се предвидува да изнесува 2.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 6 се од Предлог на законот се врши измена на членот 54 став (1) и (3) од постојниот Закон. Во ставот 1 глобата е утврдена во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на клириншка куќа, доколку ги повреди одредбите од Законот за платен промет. Со измените на Законот предвидено е оваа глоба да изнесува 10.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (3) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице на клириншката куќа. Со измените оваа глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и истата се предвидува да изнесува 4.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 7 од Предлог на законот се врши измена на членот 55 став (1) и (2) од постојниот Закон. Во ставот (1) е предвидена глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на операторот на платниот систем. Со измените на Законот предвидено е оваа глоба да изнесува 4.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (2) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице во операторот на платниот систем. Со измените оваа глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и истата се предвидува да изнесува 2.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 8 од Предлог на законот се врши измена на членот 56 став (1) и (2) од постојниот Закон. Во ставот (1) е предвидена глоба во износ од 2.000 до 6.000 евра во денарска проттиввредност за прекршок на правно лице вклучено во работење на платен систем или правно лице кое врши други услуги поврзани со плаќања ако до Народна банка не достави податоци од извршени активности во платниот промет согласно (член 46 став (1)).Со измените на Законот предвидено е оваа глоба да изнесува 4.000 евра во денарска противвредност.

Воедно, во ставот (2) од истиот член се намалува и глобата за прекршок на одговорното лице во правното лице од претходниот став. Со измените оваа глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска проттиввредност се намалува и истата се предвидува да изнесува 1.000 евра во денарска противвредност.

Со членот 9 од Предлог на законот се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата во предложената одредба се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот за платниот промет ќе се постигне од една страна усогласеност со Законот за прекршоци, а од друга страна и усогласеност со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.